РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-295/5
15-07-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20 – та седница одржана на ден 04.07.2025 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр.09-1710/1 од 05.06.2024 година, против службеното лице ---------------, директор на ООУ -------------- – Гостивар, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата се потврдуваат и спроведе постапка за порамнување согласно со одредбите од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси и Законот за прекршоците со што службеното лице има извршено уплата на пропишаната глоба.

ДА СЕ ПОДНЕСЕ Иницијатива до Градоначалникот на Општина --------------- за поведување постапка за утврдување на одговорност на службеното лице ------------------, директор на ООУ --------------------- – Гостивар за сторена повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со бр. 09-1710/1 од 03.06.2024 година е оформен по поднесена пријава од познат подносител против лицето ----------------, директор на ООУ „-------------------- со наводи дека истото вработило свои блиски лица (ќерка на тетка, ќерка од вујко и снаа на брат) во наведеното училиште.

Постапувајќи по наведениот предмет и за целосно утврдување на фактичката состојба ДКСК се обрати до Државниот просветен инспекторат да изврши вондреден инспекциски надзор со наводи за судир на интереси во однос на постапката за вработување во ООУ „------------------------ за лицата ------------, ----------- и ---------- (во пријавата не е доставено презиме за наведеното лице) како и до службеното лице ------------, со барање податоци и информации а во врска со наводите истакнати во пријавата за горе наведените лица дали се нејзини блиски лица согласно член 8 став (4) од ЗСКСИ.
Од страна на службеното лице --------------- и од Државниот просветен инспекторат беа доставени бараните податоци, информации и други релевантни документи за конкретниот предмет.

Од увидот во документацијата, а во корелација со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси констатирано е дека:

1. -------------------- моминско ----------- вработена во училиштето, е во роднинска врска со службеното лице --------------- односно сопруга на нејзин братучед од мајка, истата е вработена на определено работно време за учебната 2023/2024 година односно најдоцна до 31.08.2024 година со договор за вработување од 27.12.2023 година по објавен оглас. Спроведената постапка за нејзиното вработување е во согласност со надлежностите на директорот и согласно член 113 од Законот за основно образование, по добиена соглсност од Министерството за образование и наука за објава на јавен оглас за вработувања на определено работно време.
2. -------------------- од извршениот надзор не е во роднинаска врска со директорката, таа е вработена на неопределено работно време како професор по Биологија од 01.11.2022 година со Решение бр. 04-131/7 од 10.10.2022 година и тоа вработување е спроведено кога службенто лице ------------------ не била директор на училиштето и за истата тврди дека не е блиско лице.
3. ----------------- вработена во училиштето е снаа за брат на службеното лице -------------------- и истата е ангажирана за 16 (шеснаесет) наставни часа по Природни науки на определено време, без огласување а најмногу до 3 (три) месеци со согласност од Градоначалникот на општина ---------------, се има стекнато со стручен назив Дипломиран по бизнис администрација и стекнати 180 кредити и истата не ги исполнува условите за наставник по физика и наставник по природни науки бидејќи се нема стекнато со најмалки четири години соодветно високо образоание согласно со нормативот за наставен кадар утврден во наставната програма по физика и природни науки и се нема стекнато со најмалку 240 ЕКТС односно истата не ги исполнува усовите за

наставник согласно во член 3 став 1 од Законот за наставници и стручни соработници во основните и средни училишта.

Во врска со лицата ---------------- и --------------, ДКСК констатираше дека не се блиски лица со службеното лице ----------------- согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, додека во врска со лицето ----------------- е блиско лице односно снаа за брат.

Согласно констатираната фактичка состојба за која е надлежен ДПИ, укажано е на директорката ------------------- во однос на вработувањето на ------------------- навремено да отпочне постапка за вработување на наставен кадар за 16 (шеснаесет) наставни часа и Физика 4 (четири) наставни часа по природни науки во согласност со нормативот за наставен кадар дефиниран во наставните програми по физика и природни науки согласно Законот за основни и средни образование а со оглед на тоа што наставната година според Календарот за организација и работа на основните училишта за учебна 2023/2024 година донесен од Министерството за образование и наука од 03.08.2023 година е завршен на 17 јуни 2024 година а добиената согласност за вработување истекува во јуни месец 2024 година.

Во врска со постапката за вработувањето на определено работно време најмногу до 3 (ти) месеци без огласување на ------------------- е констатирано дека училиштето има добиено согласност за вработување од Градоначалникот на општина ----------------што е во согласност со член 9 став 4 од Законот за наставници и стручни соработници во основните и средни училишта а постапката за вработување без огласување е утврдена во Законот за работни односи за кој ДПИ не е надлежен. По на ова ДПИ има доставено известување до надлежен орган на државната управа – Државен инспекторат за труд со цел нивно запознавање и понатамошно постапување согласно нивните надлежности

ДКСК до Државниот инспекторат за труд достави Барање за доставување на податоци и информации, а во врска со утврдените неправилности од страна на ДПИ со кое од нивна страна до Државниот инспекторат за труд доставено е известување за понатамошно постапување за постапката за вработувањето без огласување на лицето ------------ во ООУ „ --------------------, што е утврдена во Законот за работни односи за кој ДПИ не е надлежен.
Од страна на Државниот инспекторат за труд доставен е одговор на барањето со кое истите ја информираат ДКСК дека при извршен инспекциски надзор во просториите на ООУ „ ----------------------, постапувајќи по доставено писмено

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

известување од страна на ДПИ, на Записник бр. 0909-289 од 18.07.2024 година констатирано е дека при извршениот надззор не се утврдени никакви неправилности во спроведената постапка за вработување и дека истата е водена согласно член 9 став 4 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта ( „ Службен весник на РСМ " бр. 161/19) и член 85 став 5 од Законот за основно образование ( „ Службен весник на РСМ бр. 161/19 и 229/20), при што согласно овие закони државиот инспекторат за труд не е компетентен да изврши инспекциски надзор туку државниот просветен инспекторат.

Со ваквиот начин на постапување од страна на службеното лице, односно прикривање на приватен интерес настанала состојба на судир на интереси и повреда на извршувањето на јавните овластувања и должности што претставува основа за покренување постапка за утврдување на одговорност.

Државната комисија смета дека, постапувајќи на овој начин горенаведеното лице ги повредило и начелата на законитост и интегритет при извршување на своите јавни овластувања и должности предвидени во член 3 став 1 и 2 и член 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имено, службеното лице ---------------------, при извршувањето на функција директор на основано училишта не постапила согласно одредбите од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, односно го прекршило одредбите од член 75 став 1 од истиот закон. Службеното лице не побарало да биде изземено и да запре со своето постапување и одлучување и на тој начин се довело до состојба на судир на интереси.

Согласно наведеното, ДКСК констатира дека од страна на лицето ------------------- е сторен прекршок, по што согласно Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.96/2019) до именуваната достави записник за констатиран прекршок бр. 09-1710/8 од 27.12.2024 година и беше понудена постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог бр. 09-1710/9 од 27.12.2024 година. Во законски предвидениот рок, лицето ------------------- ја извести ДКСК со доказ оригинал уплатница ПП50 бр.09-295/2 од 20.01.2024 година за извршена уплата на предвидената глоба во износ од 15.400,00 денари.

Врз основа на наведеното, имајќи предвид дека во врска со постапувањето на -------------------------- е констатирано дека се нашла во состојба на судир на интереси, ДКСК согласно член 17 став 1 точка 4 од Законот за спречување на корупцијата и

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

судирот на интереси, ќе достави Иницијатива за утврдување на одговорност до градоначалникот на општина ------------------- како надлежен орган за нејзино именување.

Со преземање на горенаведените дејствија и мерки од страна на ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување, поради што на 20 - та седница одлучи како во диспозитивот.

Заменик претседател

м-р Билјана Каракашова Шулев

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Б.К. – виш соработник
Контролирал: К.З, раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., член на ДКСК